08-1026/39
05-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2026 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предмет со број 08-1026/1 од 05.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1026/1 од 05.03.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

Образложение

Предметот со број 08-1026/1 од 05.03.2026 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2026 година за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на _____, пратеник во Собранието на РСМ и членовите на неговото семејство.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на _____ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на

Република Северна Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на _____, ДКСК констатира дека податоците во поднесената Изјавата за имотна состојба и интереси се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р А.А.Т, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор